# Универзитетски гласник анекс

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**П Р А В И Л Н И К**
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (Анекс бр. 15) ........................................................ 2

**О Д Л У К А**
за давање согласност .......................................... 3

**С О Г Л А С Н О С Т**
од Министерство за јавна администрација ....... 4

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, бр. 199/2014, бр. 27/2016, бр. 35/2018 и бр. 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019, бр. 14/2020 и бр. 208/2024), член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/2019, бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025), Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на 3. вонредна седница одржана на 7.11.2025, го донесе следниов

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (Анекс бр. 15)**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (Анекс бр. 15), (Универзитетски гласник бр.728/2025 и бр.728/2025 – Анекс-1) (архивски број 02-632/1 од 5.5.2025 година).

**Член 2**

Во Глава IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, Подглава 1, табеларниот приказ на работни места за наставниот кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, во работното место со реден број 7, шифра: ОБН 03 02 В01 001, звање на работното место: асистент, во делот „број на извршители", бројот 4 се заменува со бројот 2.

**Член 3**

Во Глава IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, Подглава 2.2., табеларниот приказ на работни места за 2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, во реден број 10, шифра: ОБН 04 01 АО1 002 , ниво: АО1, звање на работното место: хигиеничар, во делот „број на извршители", бројот 2 се заменува со бројот 4.

**Член 4**

Согласно со извршените измени и дополнувања на Правилникот, се вршат измени и дополнувања на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за јавна администрација и од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Миле Маркоски, с.р.**

Прилог бр. 1

| **Р. бр.** | **Шифра** | **Звање и/или назив на работното место** | **Број на извршители** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Системa-тизирани** | **Пополне-ти** |
| **НАСТАВЕН КАДАР (ЛИЦА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА)** | | | | |
| **1** | ОБН 03 02 А01 001 | Редовен професор | 58 | 58 |
| **2** | ОБН 03 02 А02 001 | Вонреден професор | 3 | 3 |
| **3** | ОБН 03 02 А03 001 | Доцент | 5 | 3 |
| **4** | ОБН 03 02 В01 001 | Асистент | 2 | 2 |
| **5** | ОБН 03 02 Г03 001 | Виш лаборант | 8 | 7 |
| **6** | ОБН 10 02 Г03 011 | Лаборант | 7 | 7 |
| | | **ВКУПНО:** | **83** | **80** |

Прилог бр. 1

| Р. бр. | Шифра | Звање и/или назив на работното место | Број на извршители | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Система-тизирани | Пополне-ти |
| **НЕНАСТАВЕН КАДАР** | | | | |
| **1** | ОБН 01 02 А02 001 | Секретар на Факултетот | 1 | 0 |
| **2** | ОБН 01 02 Б04 001 | Раководител на Одделението за општи и правни работи | 1 | 1 |
| **3** | ОБН 01 02 БО4 005 | Раководител на Одделението за студентски прашања и библиотечно работење | 1 | 0 |
| **4** | ОБН 01 02 Б04 011 | Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 1 | 1 |
| **5** | ОБН 01 02 Б04 009 | Раководител на Одделението за ИКТ | 1 | 1 |
| **6** | ОБН 01 02 ВО1 014 | Советник за деловно работење | 1 | 0 |
| **7** | ОБН 01 02 ВО1 008 | Советник за библиотечно работење | 1 | 1 |
| **8** | ОБН 01 02 В02 006 | Виш соработник за ЕКТС | 1 | 1 |
| **9** | ОБН 01 02 В02 014 | Виш соработник за деловно работење | 1 | 1 |
| **10** | ОБН 01 02 В04 002 | Помлад соработник за човечки ресурси | 1 | 1 |
| **11** | ОБН 01 02 В04 005 | Помлад соработник за студентски прашања | 2 | 2 |
| **12** | ОБН 01 02 ГО1 010 | Самостоен референт архивар | 1 | 0 |
| **13** | ОБН 01 02 ГО1 008 | Самостоен референт за благајна | 1 | 1 |
| **14** | ОБН 01 02 ГО1 013 | Самостоен референт за магацинско работење | 1 | 0 |
| **15** | ОБН 01 02 ГО1 005 | Самостоен референт за ИКТ | 1 | 1 |
| **ВКУПНО:** | | | **16** | **11** |
| **НЕНАСТАВЕН КАДАР (ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА)** | | | | |
| **1** | ОБН 04 01 А01 002 | Хигиеничар | 4 | 2 |
| **2** | ОБН 04 02 А01 001 | Чувар | 1 | 1 |
| **3** | ОБН 04 01 А01 006 | Хаусмајстор | 1 | 1 |
| **4** | ОБН 04 0 А01 001 | Курир | 1 | 1 |
| | | **ВКУПНО:** | **7** | **5** |
| | | **Вкупно за сите** | **106** | **96** |

Врз основа на член 103, став (1), алинеја 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) и член 208, став (1), алинеја 20 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа, на 306. седница одржана на 25.11.2025 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
### за давање согласност

**Член 1**

Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје (Анекс бр. 15).

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Биљана Ангелова, с.р.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје

| Примено: 04.12.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02- | 1413/2 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

**До: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје Факултет за земјоделски науки и храна**
**Архивски број: 09-1946/4**
**Датум:03.12.2025 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20 и 208/24), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за именување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24 ) Министерството за јавна администрација дава:

СОГЛАСНОСТ
на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје Факултет за земјоделски науки и храна**, **со архивски број 02 -1311/2-1 од 07.11.2025 година.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола**, поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места .

Министерството за јавна администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје Факултет за земјоделски науки и храна**, со архивски број 02 -1311/2-1 од 07.11.2025 година.

Со почит,

Министер за јавна администрација
Горан Минчев

Изработил:Мирсада Шабани
Контролирал: Ана Чубриноска
Согласен : Емилија Чукиќ
Одобрил : Маја Рисова Мутлулар


Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-Скопје

| Примено: 04.12.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 1413 | 2 | |

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

До: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје - Факултет за земјоделски науки и храна
Архивски број: 09-1946/5
Датум: 04.12.2025 година

Предмет: Исправка

По сопствено увидување се прави исправка на Согласност број 09-1946/4 од 03.12.2025 година, дадена наПравилник за систематизација на работните места во Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје Факултет за земјоделски науки и храна, со архивски број 02 -1311/2-1 од 07.11.2025 година.

Министерството за јавна администрација, врши исправка во делот на образложение во насловот на институција, *па наместо*:

Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола, образложението *треба да гласи*:

"Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје - Факултет за земјоделски науки и храна ".

Министер за јавна администрација
Горан Минчев

Подготвил: Мирсада Шабани
Согласен: Емилија Чукиќ,ПРС
Одобрил: Маја Ристова Муртулар


Министерство за јавна администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk